**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-576/6**
**Скопје, 08.08.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВИНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Блатец за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Блатец за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
- Бранко Јанкулов - градоначалник на општина Блатец од 01.01.2005 до 27.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 15.05 до 16.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Извршено е преценување на Приходите поради што е извршено преценување на Вишокот на приходи над расходи во износ од 1,400 илјади денари поради пресметковно утврдени приходи по основ на побарувања од Фондот за локални патишта и улици и уредување на градежно земјиште, на општина Блатец (во натамошниот текст Фондот).
Ова е резултат на побарувањата од Фондот настанати по основ на извршени плаќања од сметката на Буџетот, а поради блокада на сметката на Фондот кои во 2003 и 2004 година не се вратени на Буџетската сметка. Поради статусните промени настанати во Општина Блатец, односно нејзино укинување, овие меѓусебни побарувања и обврски не се сметководствено расчистени што придонесува за нереално проценување на билансните позиции.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што општина Блатец повеќе не е општина, истата со Законот за територијалната организацијана на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија ( Сл. Весник на РМ „ бр. 55/04) , е населено место на општина Виница.

11.Вкупниот ефект од наодите во точките 10.1. е преценување на приходите и преценување на Вишокот на приходи над расходи за износ од 1.400 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Блатец на ден 31 Март 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Блатец е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08.2006 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА БЛАТЕЦ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 379 | 1,102 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 1,436 | 5,697 |
| **Вкупно приходи** | | **1,815** | **6,799** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.3.1. | 204 | 886 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 201 | 975 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **405** | **1,861** |
| **Капитални расходи** | 3.4. | **10** | **3,502** |
| **Вкупно расходи** | | **415** | **5,363** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,400** | **1,436** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА БЛАТЕЦ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | **0** | 36 |
| Побарувања | | **0** | 1,400 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **1,436** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **1,436** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | **0** | 1,436 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | | **0** | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **1,436** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **1,436** |